Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2045/55
16-11-2026 год.
Скопје

Врз основа на член 93, став 5 од Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје (Универзитетски гласник бр. 463 од 18. X 2019 год.), член 8, став 5 и став 6 од Упатството за спроведување на избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (Пречистен текст) бр.02-1935/5 од 27.10.2020 година, како и Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2026-2027 година, се донесе следната

ОДЛУКА

за избор на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет за мандатен период 2026/2027

1. Врз основа на Записникот од гласањето за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2026-2027 година за Претседател на Факултетско студентско собрание се избира: Јован Бабовски - Баба, со бр. на индекс 5708/26 од Институтот за безбедност, одбрана и мир (втор циклус).

2. Оваа одлука е конечна и влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

3. Одлуката ќе се објави на веб-страницата и огласната табла на Факултетот.

Образложение

По спроведеното гласање за избор на членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, за мандатен период 2026-2027 година кое се одржа на 13.XI.2026 година, Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје за спроведување на гласањето за избор на членови и на Претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, во состав: Проф. д-р Софија Георгиевска, Доц. д-р Александар Павлески, Стефанија Чаушоска бр. на индекс 26130/23, Симона Блажевска бр. на индекс 11813/26 и Ивона Соколовска бр. на индекс 26195/24, утврди дека според избирачкиот список се доставени 1.961 гласачки ливчиња за избор на претседател. Во гласањето учествувале 150 студенти. Од нивните гласачки ливчиња, 15 биле неважечки, а 135 важечки. Кандидатот Јован Бабовски – Баба освоил 135 гласа.

Изборната комисија на Филозофскиот факултет-Скопје врз основа на резултатите од гласањето за претседател на Факултетското студентско собрание на Филозофскиот факултет во Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател на изборна комисија

Проф. д-р Софија Георгиевска